International Labour Organization

Business Confederation of Macedonia

# План за деловен континуитет: Справување со кризата настаната поради Ковид-19

Оваа алатка е креирана со цел да ги поддржи малите и средните претпријатија за време на кризата настаната поради појавата на вирусот КОВИД-19. Суштината на оваа алатка е изготвувањето на посебен план за деловен континуитет наменет за деловните претпријатија. Овој инструмент ќе ви помогне да:

1. Направите проценка на нивото на ризик и ранливост на вашето претпријатие и
2. Развиете ефикасен систем и план за делување во услови на состојби ризични за вашиот бизнис.

Целта на оваа алатка е утврдување на нивото на ризик и нивото на ранливост на вашето претпријатие предизвикано од кризата настаната поради појавата на пандемијата КОВИД-19 и тоа во однос на неговото влијание врз вашите **вработени, деловни процеси, профитот и партнерствата**:

- **луѓе:** здравјето на вашите вработени и членовите на нивното потесно семејство;
- **процеси:** деловни активности односно работењето на претпријатието;
- **профит:** остварување на приход;
- **партнерства:** создавање и овозможување на поволна средина за извршување на деловните активности.

Алатката особено е насочена кон малите и средни претпријатија со ограничени ресурси и истата е структурирана во два дела:

1. Првиот дел ја објаснува проценката на ризик и начинот на кој може брзо да го утврдите. Проценката го утврдува нивото на ризик односно нивото на ранливост на вашето претпријатие.

2. Вториот дел од алатката претставува процес од шест чекори, вклучувајќи и еден пример на фиктивно МСП - за да може да ви помогнеме и вие да развиете сопствен план за деловен континуитет.

# Прв дел: Креирајте го профилот на ризик - самопроценка

Во прилог го споделуваме прашалникот составен од 60 прашања на кој треба да одговорите со **Да/Не**, на начин што ќе го означите вашиот одговор со **X** во соодветното квадратче. Овие прашања се структуирани во 4 групи и се однесуваат на четирите категории: луѓе, деловни процеси, профит и партнерства. Со помош на овој прашалник ќе може да го процените нивото на ранливост на вашето претпријатие на начин што ќе направите збир од позитивно одговорените прашања.

Одговорете со **ДА**, доколку не сте сигурни или не го знаете точниот одговор.

## I. Луѓе

| **Безбедна работна средина** | | |
|---|---|---|
| 1. Во моментот постои ризик за работниците, добавувачите, клиентите и трети лица поради голем број на потврдени случаи со вирусот Ковид-19 во географската област каде се извршуваат деловните активности. | ☐ Да | ☐ Не |
| 2. За работниците не е безбедно да одат до и од работното место (на пр. користат јавен превоз и сл.). | ☐ Да | ☐ Не |
| 3. Постои зголемен број на отворени боледувања/отсуства од работа. | ☐ Да | ☐ Не |
| 4. Поради природата на вашиот бизнис, не сте во можност да се реорганизирате на начин што работниците ќе може да работат од дома. | ☐ Да | ☐ Не |
| 5. Имате потешкотии при обезбедување на соодветни работни простории, како и средства за дезинфекција (простории за често миење на раце, дезинфекциони средства, гелови за раце, ракавици, маски и слично). | ☐ Да | ☐ Не |
| 6. Возилата што се користат за вршење на вашите вообичаени деловни активности (пр. испорака, движење на персоналот и сл.), сè уште не се опремени со средства за дезинфекција и сè уште не се воспоставени процеси за нивно редовно дезинфекционирање и одржување. | ☐ Да | ☐ Не |
| 7. Работниците имаат обврска да се грижат за некој член од нивното семејство заради затворање на училиштата или градинките, или пак треба да се грижат за некој член од нивното потесно семејство кој е заболен со вирусот Ковид-19. | ☐ Да | ☐ Не |
| 8. Постојат случаи на „внатрешно“ пренесување на Ковид-19 помеѓу вработените или членовите на нивното потесно семејството. | ☐ Да | ☐ Не |
| 9. Работниците се помалку мотивирани поради стресното опкружување предизвикано како резултат на преземените мерки за справување со кризата предизвикана од вирусот- Ковид-19. | ☐ Да | ☐ Не |
| 10. Работниците ги напуштаат своите работни места заради потенцијални или реални проблеми во врска со безбедносни ризици и/или инциденти. | ☐ Да | ☐ Не |

| | | |
|---|---|---|
| 11. Дискриминаторското/стигматизационото однесување помеѓу работниците довело до закани и заплашување на одредени колеги. | ☐ Да | ☐ Не |
| 12. Неопходен е близок физички контакт со клиенти / добавувачи. | ☐ Да | ☐ Не |
| 13. Работниците доживеале лична траума како што е смрт или болест на некој член на нивното семејството како резултат на Ковид-19. | ☐ Да | ☐ Не |
| 14. Физичката блискост меѓу работниците на работното место е неопходна за процесот на производство / испорака на услуги. | ☐ Да | ☐ Не |
| 15. Ниту еден работник не е задолжен за дневен преглед на насоките за ризици, препораки и мерки по однос на Ковид-19. | ☐ Да | ☐ Не |
| 16. Постои недостаток на постапки за спроведување на само-проверка преку кои се идентификуваат сите опасности што можат да резултираат со ширење на Ковид-19 (на пр. спроведување на редовни проверки на здравјето и безбедноста на работниците). | ☐ Да | ☐ Не |
| 17. Во вашите простории не се спроведуваат или многу ретко се спроведуваат редовни проверки како би се идентификувале тековните или нови ризици (на пример, површини кои работниците мораат често да ги допираат). | ☐ Да | ☐ Не |
| 18. Во моментот работниците не се подготвени односно не им е обезбедена директна обука (или пристап до обука) за основните мерки за своја и заштита на другите по однос на вирусот Ковид-19. | ☐ Да | ☐ Не |
| 19. Постои недостаток од правилник кој ќе ја регулира постапката за известување на надлежните органи за јавно здравје за сите познати или сомнителни случаи кои се движеле во деловните простории (работниците или трети лица заразени со вирусот Ковид-19). | ☐ Да | ☐ Не |

**Вкупно ___________ / 19**

## II. Процеси

### Простории и машини

| | | |
|---|---|---|
| 20. Се соочивте со потешкотии при набавувањето и пристапот до потребната опрема и машини за водење на вашиот бизнис. | ☐ Да | ☐ Не |
| 21. Постои прекин или значителен застој во работата на поддршката која ви е потребна од аспект на одржување на клучната опрема и машини. | ☐ Да | ☐ Не |
| 22. Вашиот бизнис (на пр. работниците, опремата и добрата) не е ниту целосно ниту делумно осигуран. | ☐ Да | ☐ Не |

### Залихи и суровини

| | | |
|---|---|---|
| 23. Голем процент од вашите суровини се увезуваат. | ☐ Да | ☐ Не |

| | | |
|---|---|---|
| 24. Имате застој во процесот на снабдување со неопходните суровини потребни за производство, а кои доаѓаат по морски пат. | ☐ Да | ☐ Не |
| 25. Сте имале потешкотии во обезбедувањето на клучните суровини и залихи. | ☐ Да | ☐ Не |
| 26. Зголемените ограничувања / побарувања од страна на Владата имаат негативно влијание врз вашиот бизнис (на пример, зголемени здравствени проверки поради кои се одложува испораката на производи што влегуваат во деловните простории или излегуваат од нив). | ☐ Да | ☐ Не |
| 27. Вашите главни залихи и/или суровини се наоѓаат само на една локација. | ☐ Да | ☐ Не |

**Вкупно __________ / 8**

## III. Профит

| **Пазари** | | |
|---|---|---|
| 28. Сите промени настанати поради појавата на вирусот Ковид-19 негативно влијаат на вашите клиенти и нивната способност да ги купат вашите производи или услуги. | ☐ Да | ☐ Не |
| 29. Официјалните владини мерки во врска со здравствената грижа за целокупното население негативно влијаат на вашата продажба. | ☐ Да | ☐ Не |
| 30. Висок процент од вашите добра/услуги се пласираат на странски пазари. | ☐ Да | ☐ Не |
| 31. Овие пазари се наоѓаат во земји со среден и/или висок ризик. | ☐ Да | ☐ Не |
| 32. Намалена е продажбата во овие земји. | ☐ Да | ☐ Не |
| **Добавувачи** | | |
| 33. Нарушувањата негативно влијаат на вашите главни добавувачи и нивната способност да доставуваат добра до вашето претпријатие. | ☐ Да | ☐ Не |
| 34. Поради зголемените ограничувања од страна на државата, соочени сте со нарушувања во редовниот процес на снабдување. | ☐ Да | ☐ Не |
| 35. Имате само еден начин/пристап на снабдување од вашите клучни добавувачи. | ☐ Да | ☐ Не |
| 36. Немате алтернативни добавувачи преку кои би можеле да ги обезбедите добрата и услугите во случај на нарушување или прекин со работа. | ☐ Да | ☐ Не |
| 37. Во голема мера се потпирате на странски добавувачи за повеќето клучни производи и суровини потребни за вашата деловна активност (над 75% од клучните добра). | ☐ Да | ☐ Не |

| Општество | | |
|---|---|---|
| 38. Постои пораст на општествена „нетрпеливост и предрасуди“- нешто што може да се заклучи од содржината на медиумите, уличните демонстрации и политичкиот дискурс. | ☐ Да | ☐ Не |
| 39. Тековната медиумска содржина има негативно влијание врз работното опкружување. | ☐ Да | ☐ Не |
| **Економско опкружување** | | |
| 40. Ковид-19 влијае на целокупната економска активност во државата, која пак директно влијае на вашата деловна активност односно директно влијае на пазарите на кои работите или очекувате дека ќе работите. | ☐ Да | ☐ Не |
| 41. Стапките на невработеност на пазарите на кои работите се во пораст. | ☐ Да | ☐ Не |
| 42. Постои зголемување на криминалните дејствија или зголемен е ризикот од криминални дејствија насочени кон вашето претпријатие како резултат на намалената економска активност. | ☐ Да | ☐ Не |
| 43. Постои ненадејно зголемување на цените на добрата кои ви се неопходни за извршување на деловните активности. | ☐ Да | ☐ Не |

**Вкупно ___________ / 16**

## IV. Партнерства

| Услуги од јавен интерес (вода, електрична енергија, здравство, канализација) | | |
|---|---|---|
| 44. Имаше значителни или постојани нарушувања на клучните услуги од јавен интерес (вода, електрична енергија, телекомуникации, здравство и канализација) што негативно се одразија на вашата деловна активност или на пазарот на кој работите. | ☐ Да | ☐ Не |
| 45. Имаше значителни или постојани нарушувања на клучните услуги од јавен интерес (вода, електрична енергија, телекомуникации, здравство и канализација) што негативно се одразија на вашите работници (на пр. проблем со домашни санитарни јазли). | ☐ Да | ☐ Не |
| 46. Имаше негативна или ненадејна промена на трошоците поврзани со услугите од јавен интерес. | ☐ Да | ☐ Не |
| 47. Постои зголемување на коруптивните практики за пристап до услугите од јавен интерес или јавната инфраструктура (како што е здравствената нега и заштита). | ☐ Да | ☐ Не |
| **Трети страни (потрошувачи, конкуренти и даватели на финансиски услуги)** | | |
| 48. Промените и прекините кои ги предизвика Ковид-19 негативно влијаат на вашите конкуренти и нивната способност да останат конкурентни. | ☐ Да | ☐ Не |

| | | |
|---|---|---|
| 49. Можноста за соработка со конкурентите во смисла на размена на добри практики/опрема за здравје и безбедност при работа е ограничена или не постои. | ☐ Да | ☐ Не |
| 50. Можноста за соработка со конкуренцијата во смисла на меѓусебно делење на залихите е ограничена или не постои. | ☐ Да | ☐ Не |
| 51. Можноста за соработка со конкуренцијата во смисла на меѓусебна размена на опремата е ограничена или не постои. | ☐ Да | ☐ Не |
| 52. Постојат потешкотии во пристапот до финансии или однесувањето на давателите на финансиските услуги негативно влијае на работењето на вашето претпријатие (на пр. зголемени се обврските за заеми, намален е изборот на даватели на вакви услуги, итн.). | ☐ Да | ☐ Не |
| **Јавна инфраструктура (телекомуникации, патишта, пристаништа)** | | |
| 53. Воспоставени се ограничувања за пристап до јавната инфраструктура што негативно влијаат на вашето претпријатие, на пазарите на кои работите или на вашите работници. | ☐ Да | ☐ Не |
| 54. Има зголемени трошоци за користење на клучната јавна инфраструктура што негативно влијае на вашето претпријатие или на пазарите на кои работите. | ☐ Да | ☐ Не |
| **Политичко и регулаторно опкружување** | | |
| 55. Извршени се измени и дополнувања на законските одредби, што негативно влијае на вашето претпријатие или на пазарите на кои работите или на вашите работници. | ☐ Да | ☐ Не |
| 56. Постои зголемена неизвесност и несигурност кога се во прашање политиките и регулативата што би можело негативно да влијае на вашето претпријатие и пазарите на кои вие работите. | ☐ Да | ☐ Не |
| 57. Дали имало неповолна или ненадејна промена на регулативата (т.е. законските одредби) што негативно влијае на вашите работници? | ☐ Да | ☐ Не |
| 58. Владата сè уште нема воведено субвенции (на пример, субвенции за кирија или подршка за плати) кои можат да ви помогнат на вашиот бизнис и работниците за време на пандемијата Ковид-19. | ☐ Да | ☐ Не |
| **Јавно здравје** | | |
| 59. Прогласување на „Вонредна состојба“ или донесување на мерки со сторги ограничувања на правото на слободно движење се веќе воведени или се најавува дека ќе бидат воведени? | ☐ Да | ☐ Не |
| 60. Вашето претпријатие нема план за постапување за време на криза и други вонредни состојби. | ☐ Да | ☐ Не |

**Вкупно ____________ / 17**

Врз основа на резултатите од овој прашалник, ќе може да идентификувате во која од овие 4 области (луѓе, процеси, профит и партнерства), како и на кои аспекти или промени, вашето претпријатие е најранливо. За да ја пресметате вашата вкупна „ранливост“, соберете ги сите одговори под **„Да“** во сите четири области и збирот внесете го во табелата подолу.

## Ризик- резултати

| Луѓе | Процеси | Профит | Партнерстваа | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| / 19 | / 8 | / 16 | / 17 | / 60 |

## Објаснување на вашиот резултат: ваш профил на ризик

Ваквиот резултат не оценува дали вашето претпријатие е добро или лошо, тој претставува мерило за вашето претпријатие и нивото на негова ранливост на Ковид-19. Овој резултат ќе ви помогне да ги идентификувате областите каде може да биде подобрена нивната односно севкупната отпорност на вашето претпријатие кон кризата настаната поради пандемијата Ковид-19. Од особена важност е тоа дека овој резултат ќе ви укаже каде сте најмногу изложени на ризик - вашите работници, синџирите на снабдување или потпирањето на трети страни.

Во прилог- целосниот преглед на вашиот резултат. Ако сте одговориле со **„Да“** на следниот број прашања:

**40-60** Вашето претпријатие е исклучително ранливо во однос на негативните влијанија од кризата настаната поради пандемијата Ковид-19. Вашето претпријатие, многу веројатно, сериозно ќе биде погодено, што може да предизвика долгорочно нарушување во случај на влошување на целокупната ситуација. Вашиот следен чекор треба да опфати: идентификување дали сте ранливи на внатрешни или надворешни закани, како и да ги преземете сите потребни мерки за да го намалите ризикот и ранливоста на Ковид-19.

**20-40** И покрај преземените чекори за да се подготвите, вашето претпријатие останува ранливо. Утврдете дали постоечките закани се внатрешни или надворешни и погрижете се да им дадете приоритет на овие елементи на ранливост при креирање на планот за деловен континуитет.

**0-20** Вие сте на вистинскиот пат да останете поотпорни, но сè уште има некои области каде што би можеле да го намалите ризикот и вашата ранливост. Воспоставете план за деловен континуитет со цел правилно управување со ризикот од сите внатрешни и надворешни закани за вашето претпријатие.

# Втор дел: Изгответе план во шест чекори за деловен континуитет во услови на постоење на пандемијата Ковид-19

Следните шест чекори се неопходни за изготвување на вашиот **план за деловен континуитет (ПДК):**

### Прв чекор: Идентификувајте ги своите клучни производи и/или услуги:

Кои се вашите најважни производи и/или услуги? Земете ги предвид следниве критериуми:

- Учеството во приходот што и тие го создаваат;
- Број на купувачи кои ги побаруваат; и
- Трошоци заради неиспорака: негативни последици по однос на финансиите, продуктивноста и репутацијата.

### Втор чекор: Определете ја општата цел на вашиот ПДК

Што сакате да постигнете со изготвувањето на ПДК?

### Трет чекор: Проценете го потенцијалното влијание од нарушувањата врз вашето претпријатие и вработени

Колку долго може да траат нарушувањата/прекините на работењето пред истите да станат неприфатливи? Кои ресурси, добавувачи, партнери и изведувачи се неопходни за спроведување на клучните активности?

### Четврт чекор: Направете план со чекори за заштита на вашиот бизнис

Користете ја рамката со четири области за да го направите овој план. Чекорите, кои треба да го минимизираат ризикот, ги опфаќаат следните четири области: луѓе, процеси, профит и партнерства.

- Луѓе: безбедноста и здравјето на вашите работници и челновите на нивното потесно семејство.
- Процеси: деловните активности на претпријатието.
- Профит: остварување на добивка.
- Партнерства: поволно бизнис опкружување.

### Петти чекор: Изгответе листа на контакти

Поголемиот дел од вашите активности ќе се одвиваат без физички контакти (повици на WhatsApp, состаноци преку Zoom платформата, Skype и сл.). Осигурајте се дека имате точни и ажурирани листи со податоци на сите клучни актери.

### Шестти чекор: Одржување, прегледување и редовно ажурирање на вашиот ПДК

Прочитајте го примерот за тоа како сопственик на мало претпријатие го креирал својот ПДК.

****

## Како сопственичката на мало претпријатие го креирала и развила својот ПДК, со цел да го намали влијанието и последиците настанати поради појавата на пандемијата Ковид-19

Ана Хансен е сопственичка на компанија за производство на конзервирани сардини со седиште во Момбаса, на брегот на државата Кенија. Своите производи ги продава директно низ територијата на државата Кенија, како и на поголемите компании кои вршат извоз. Ана се потпира на постојаните нарачки од трите компании кои покриваат околу 80 проценти од нејзиниот бизнис. Поради добра поврзаност со надворешниот пазар, овие компании имаат редовни нарачки и вршат извоз. Бидејќи бројот на случаи заболени со вирусот Ковид-19 се зголеми и рашири во Кенија, Ана разви ПДК, со цел да го заштити својот бизнис. Таа има вкупно 30 работници.[1]

Ана го одговори прашалникот за проценка на ризикот од Ковид-19 и заклучи дека припаѓа на високо-ризичната група. На дневно ниво таа соработуваше со повеќе добавувачи. Нејзините работници работеа едни покрај други, со многу мало физичко растојание меѓу нив. Поголемиот дел од нејзината продажба се одвиваше преку пристаништето во Кенија. Остатокот од нејзината продажба претежно се одвиваше во другите градови во Кенија за што и беа потребни сигурни транспортни врски. Ана заклучила дека изготвувањето на ПДК за нејзината компанија е нужно.

### Прв чекор: Ана ги идентификува своите клучни производи

Главните производи на нејзината компанија се различни видови на конзервирани сардини. Приходот се генерира само со продажбата на овие производи. Нејзината база на клиенти е релативно мала. Таа има три главни клиенти кои сочинуваат 80% од продажбата. Трошоците за неиспорака кон овие клиенти негативно ќе влијаат врз нејзиниот бизнис што би можело да доведе до сериозни последици по истиот.

### Втор чекор: Ана ја утврди целта на нејзиниот ПДК

Целта беше да се развијат едноставни внатрешни процеси за нејзиниот бизнис што ќе обезбедат клучна заштита за: луѓето, процесите, профитите и партнерствата. Ова значеше:

- Обезбедување на максимална безбедност за сите вработени, вклучувајќи се и себе;
- Што е можно побрзо продолжување со деловните активности, веднаш по завршувањето на кризата настаната поради појавата на пандемијата Ковид-19;
- Осигурување дека клучните производи се отпорни на сите нарушувања предизвикани од пандемијата Ковид-19;
- Заштита на нејзиниот ланец на добавувачи; и
- Осигурување дека нејзиното претпријатие ги исполнува сите договорни обврски спрема сите клиенти.

[1] Ова е сеопфатен пример за ПДК, заснован на реалните искуства на претпријатијата во Кенија. Сепак, Џојс Мкумура е измислена личност.

## Трет чекор: Ана го процени потенцијалното влијание на нарушувањата врз нејзините работници и претпријатие

Таа го процени влијанието на нарушувањата врз нејзините клучни активности. Процени кои активности се неопходни за производство и испорака на нејзините производи без прекини и колкав е прагот на толеранција при застој во работата: колку долго можат да бидат во прекин клучните активности пред таквата состојба да наштети на одржливоста на бизнисот. Таа идентификуваше кои активности се неопходни за производство и испорака на нејзините производи и каде се појавуваат ризици. Овој чекор подразбираше и брзо мапирање на клучните актери. Постојат пет главни клучни актери кои се од суштинска важност за нејзиниот бизнис: работници, клиенти, добавувачи, поддршка и надлежни органи.

- ► Работници: Џојс има триесет вработени кои живееат во близина на работните простории, што значи дека никој од нив не користи јавен превоз односно сите пешачат до своите работни места.
- ► Клиенти: 80% од нејзините производи ги купуваат три големи компании кои вршат извоз. Останатите 20% се пласираат на кенискиот пазар (15% се продаваат на големо во Најроби).
- ► Добавувачи: Бизнисот на Џојс зависи од тројца добавувачи. Прво, металопреработувачот (оној кој ги произведува конзервите), потоа компанијата од Најроби која ги печати етикетите за нејзините производи и трети и најважни - локалните рибари организирани во поголема група. Нејзиниот бизнис бара редовна комуникација со сите добавувачи поединечно, но и физички контакт со третата група - локалните рибари.
- ► Поддршка: Поддршка на нејзиниот бизнис претставуваат шпедиторската компанија како и компанијата за осигурување чии услуги таа ги користи.
- ► Надлежни органи: Тука се подразбира регулаторно тело надлежно за издавање на лиценци за прехранбените стандарди, управата за јавни приходи и органите надлежни за безбедност и здравје при работа.

Оваа анализа за претпријатието на Ана, покажа колку е зависна неговата деловна активност од тоа надворешните актери да останат здрави и да продолжат со својата функција без никакви пречки. Таа заклучи дека постои потенцијална можност нејзиното претпријатие да банкротира во рок од четири до шест недели, доколку дојде до сериозни нарушувања и прекини во нејзината деловна активност. Таа направи проценка „какво ќе биде влијанието од неспроведувањето на нејзините клучни активности?“ Таа ги разгледуваше сите заинтересирани страни погоре и заклучи дека секое нарушување на нив ќе значи нарушување и на нејзиниот бизнис.

Како главни потенцијални нарушувања таа ги процени следниве:

- ► Работниците може да се разболат (нејзните вработени, вработените на нејзните добавувачи, работниците на компаниите за подршка);
- ► Ако државата воведе ограничување на правото на слободно движење, тоа ќе значи и ограничување за неа и за нејзините добавувачи во извршувањето на работните активности на вообичаен начин;
- ► Ограничувањата кои ги воведува Владата во смисла на пристап до пристаништето би можеле да влијаат врз можноста нејзините клиенти да ги извезуваат нејзините производи и да ги пласираат на странски пазари;
- ► Прекин во работата на давателите на услуги од јавен интерес (снабдување со вода и електрична енергија) претставува голем потенцијален проблем; и
- ► Пад на стапакта на побарувачка на нејзините производи.

Таа размислуваше за настаните што беа надвор од нејзина контрола и како тие можат да влијаат врз нејзините добавувачи, како и за оние настани на кои може да влијае и да има контрола до одреден степен. Таа заклучи дека е многу зависна од другите, главно од нејзините добавувачи, дополнително немаше никакво влијание врз владините ограничувања што може да дојдат. Но, позитивното во целата таа ситуација беше тоа што растеше побарувачката за конзервирани производи.

## Четврт чекор: Ана презеде чекори за заштита на своите активности

### *Луѓе*

- ► Таа одлучи да го ограничи кругот на контакти потребни за вршење на деловните активности на нејзиното претпријатие, со цел сите вклучени во тој процес да бидат заштитени.
- ► Покрај овие мерки за безбедност, таа ги ревидираше и стандардните начини на работа и усвои посебни критериуми за физичко дистанцирање. Тоа бараше да се направи нов распоред на смени, за кој претходно се советуваше и доби согласност од своите работници.
- ► Дополнително, таа се подготви и за зголемено отсуство од работа.

### *Процеси*

- ► Додека го спроведуваше овој процес на изготвување на ПДК, таа ги замоли работниците доброволно да учествуваат во вршењето на следните задачи: да ги обезбедат просториите со сите потребни средства за дезинфекција и заштита, на видни и достапни места за секојдневно и често користење; на влезот од деловните простории да постават пункт за проверка на телесната температурата за сите работници / добавувачи / клиенти / и др.посетители; на дневно ниво да ги контактираат и консултираат сите добавувачи и клиентите за да може да се процени нивната состојба и сите промени што се случиле во меѓувреме; како и да водат грижа за сите да бидат запознаени со начините како да останат безбедни на работа и дома.
- ► Таа разговараше со сите добавувачи и редовни клиенти за нивните безбедносни системи и протоколите за придржување на мерките и новите прописи.
- ► Ана, новонастанатата ситуација ја искористи како можност сите плаќања (тековни или пристигнати), да ги пренесе во дигитален формат.
- ► Таа редовно и автоматски ги зачувуваше сите податоци и правеше дополнителни копии од истите кои ги чуваше во нејзиниот дом, во случај да мора да се самоизолира.

### *Профит*

- ► Забележа дека побарувачката за конзервирани производи се зголемува, поради што ја увиде и можноста за зголемена продажба. Дополнително, таа постигна договор со локален хотел со пет ѕвездички да и обезбедат ладилник во кој ќе може да се складира поголема количина на клучните производи. Нејзините финални производи имаа подолг рок на траење, што претставуваше голема предност за нејзиниот бизнис.
- ► Ги контактираше нејзините главни добавувачи- групата на рибари кои ја информираа дека имаат договори за соработка со други групи долж брегот. Тоа значеше дека доколку дојде до сериозен застој во регионот на Момбаса, како алтернатива, има и други извори на риба за кои се потпишани договори кои го овозможуваат тоа.

- Таа ги пресмета оперативните трошоци на дневна основа (плати, закупнина на простории, залихи и слично) и направи симулации засновани врз нејзините финансиски потреби во случај на клучни нарушувања и прекини.
- Ана беше во постојана комуникација со банката со која вообичаено соработуаше и од каде претходно имаше подигнато кредит. Банката беше свесна за нејзиниот план за деловен континуитет и како резултат на тоа, Банката се покажа како пофлексибилна по однос на потребните документи и услови кои треба да ги исполни Ана и нејзиното претприатије доколку има потреба и одлучи да побара заем.

### *Партнерства*

- Понатаму, Ана постојано комуницираше со нејзините тројца главни клиенти кои се занимаваат со извоз на производи. Таа им предложи во нивната комуникација со Федерацијата на кениски работодавачи и други здруженија на работодавачи да предложат нивните претставници да дадат иницијатива до Владата за утврдување на можноста на пристаништата да продолжат со работа и можноста истите да останат отворени.
- Исто така, таа постигна договор со четворица сопственици на мали и средни претпријатија како би споделувале какви безбедносни мерки спроведуваат и други добри практики, важни за извршување на нивните деловни активности. Дополнително, тие постигнаа согласност да креираат заеднички пакет со протоколи за да обезбедат поголема заштита на нивните работници. Исто така, постигнаа согласност да ги поделат трошоците за добивање информации за тоа како да се справат со проблемите (како што се промените во работното време, можните вишоци од работници; и други проблеми од областа на човечките ресурси) поради појавата на пандемијата Ковид-19.
- Од Управата за јавни приходи побара информации за можноста за одложено плаќање на данок, за што слушнала во медиумите.

## Петти чекор: Ана изготви листа на контакти

- Направи список со клучни броеви на властите и третите страни (центар за јавно здравје, МВР, служби за итни случаи, противпожарна служба, најблиски болници, осигурителна компанија) кои би можеле да и помогнат при итни случаи.
- Таа направи список со податоци за сите вработени, нивните позиции и детали за контакт (мобилен телефон и е-пошта), како и детали за лицата определени за контакт во случај на итност за работникот.
- Таа направи список со клиенти, добавувачи, изведувачи и државни институции со кои таа соработува, вклучувајќи го и лицето за контакт и детали (мобилен телефон, е-пошта и седиште) потребни за стапување во контакт во случај на таква потреба.
- Таа избра посебни комуникациски методи за да се поврзе со своите работници за време на кризата предизвикана поради пандемијата Ковид-19 (Facebook, WhatsApp, и др. форми на Google) и утврди редослед за контактирање и известување на работниците во случај на итност.

## Шестти чекор: Ана го одржуваше, прегледуваше и редовно го ажурираше својот ПДК

Таа го прегледуваше и ажурираше својот план на неделно ниво, поконкретно вршеше:

- ажурирње на општата цел на својот ПДК и подобрување на неговата ефикасност;

- ажурирање на проценката на ризик, стратегијата за деловен континуитет и други процедури кои се содржани во нејзиниот ПДК; и
- обезбедување на постојано унапредување на сите процеси содржани во нејзиниот ПДК.

**Контакт**

Бизнис Конфедерација на Македонија
Адреса: Васил Главинов бр. 16
Телефон за контакт: 02/3224-762
contact@bcm.mk
www.bcm.mk